**20232624551**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОДРЖЛИВОСТ И ОТПОРНОСТ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за одржливост и отпорност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 декември 2023 година.

Бр. 08-6407/1
11 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОДРЖЛИВОСТ И ОТПОРНОСТ

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 93.800.000 евра, наменет за развојни политики за одржливост и отпорност.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за развојни политики за одржливост и отпорност, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 11 години, со вклучен грејс-период од  четири години и шест месеци.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон, Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот, на годишно ниво.

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се отплаќа на 13 полугодишни рати, на 15 јуни и на 15 декември секоја година.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за финансии.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.